факти

# Сексуално насилство

Сексуалното насилство е сериозен проблем на јавното здравство што погаѓа милиони луѓе секоја година низ целиот свет. Тоа се покренува од многу фактори кои функционираат во социјален, културен и економски контекст.

Присилниот сексуален однос може да резултира во сексуално задоволување на извршителот, иако неговата суштинска цел честопати е израз на моќ и доминација врз нападнатата личност. Тој се користи и за казнување на луѓето за пречекорување на воспримениот социјален или морален кодекс.

## СТЕПЕН НА ПРОБЛЕМОТ

– Не се знае вистинскиот степен на сексуално насилство, иако расположливите податоци сугерираат дека речиси една од четири жени во текот на својот живот може да доживее сексуално насилство од интимниот партнер.
– За многу млади жени, сексуалното насилство започнува во детството и во адолесценцијата. Во некои земји, до една третина од адолесцентните девојки пријавуваат принуден прв сексуален однос.
– Секоја година, стотици илјади жени и девојки се купени или продадени за проституција. На многу од нив им се ветува работа во домашната или услужната дејност, но наместо тоа, тие се носат во бордели, каде што ги тепаат, заклучуваат, им ги одземаат документите за идентификација и ги принудуваат да си ги заработат своите куповни цени преку проституција.
– Десетици илјади жени секоја година се предмет на сексуално насилство во здравствени установи, вклучувајќи и сексуално вознемирување од давателите на здравствените услуги, осакатување на гениталиите, присилни гинеколошки прегледи и задолжителни инспекции на девственоста.
– Силувањето се користи како воено оружје и е документирано во многу конфликти, како оние во Алжир, Бангладеш, Босна и Херцеговина, Индонезија, Либерија, Руанда и Уганда. Само во Босна и Херцеговина се проценува дека бројот на силуваните жени се движи од 10 000 до 60 000.

**Коефициент на жени кои пријавиле обид или претрпеле насилен сексуален однос од интимниот партнер во текот на животот, одбрани градови**

| **Земја** | **Година** | **Големина на примерокот** | **Обид или извршен присилен секс (%)** |
|---|---|---|---|
| Бразил (Сао Паоло) | 2000 | 941 | 10,1 |
| Канада (Торонто) | 1991-1992 | 420 | 15,3 |
| Јапонија (Јокохама) | 2000 | 1 287 | 6,2 |
| Мексико (Гвадалахара) | 1996 | 650 | 23,0 |
| Никарагва (Леон) | 1993 | 360 | 21,7 |
| Перу (Куско) | 2000 | 1 534 | 46,7 |
| Тајланд (Банког) | 2000 | 1 051 | 29,9 |
| Британија (Северен Лондон) | 1993 | 430 | 23,0 |
| Зимбабве (Провинција Мидландс) | 1996 | 966 | 25,0 |

## ПОСЛЕДИЦИ ОД СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО

Сексуалното насилство може длабоко да ја погоди физичката, менталната и социјалната благосостојба на жртвите. Тоа се поврзува со бројни здравствени последици во кои влегуваат:

– несакана бременост,
– гинеколошки компликации како вагинално крвавење, фиброиди, хронична болка во карлицата и инфекции на уринарниот тракт,
– сексуално преносливи болести вклучувајќи ХИВ/СИДА,
– депресија,
– пост-травматско стресно нарушување,
– суицидни мисли и однесување.

Жртвите може да се соочат и со жигосување од семејството, пријателите и нивните зедници.

## КОИ СЕ РИЗИК-ФАКТОРИТЕ ЗА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО?

Постојат многу фактори кои го зголемуваат ризикот од сексуално насилство. Овие фактори не влијаат само врз веројатноста за силување, туку и врз реакцијата на него.

**Фактори што го зголемуваат ризикот за силување кај мажите**

– користење алкохол или дроги,
– недостиг на контрола за потиснување на асоцијациите помеѓу сексот и агресијата,

Светска здравствена организација
Министерство за здравство на Република Македонија
Републички завод за здравствена заштита - Скопје
Фондација Институт отворено општество Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ
unicef

- имање ставови и верувања кои го поддржуваат сексуалното насилство, вклучувајќи и насилни сексуални фантазии,
- модел на однесување кој е импулсивен, антисоцијален и непријателски спрема жените,
- дружење со сексуално агресивни врсници,
- сексуална злоупотреба во детството,
- растење во семејна средина што се карактеризира со физичко насилство, мала емотивна поддршка и малку економски ресурси.

Фактори што придонесуваат се и сиромаштијата, како и живеењето во заедница со општа толеранција на сексуалното насилство и слаби санкции против него.

Поверојатно е да дојде до сексуално насилство онаму каде што верувањата во машките сексуални права се силни, улогите на родовите - ригидни, како и во земји со високи стапки на други видови насилство.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО?

**Напорите за спречување сексуално насилство во голема мера се фокусираат на:**
- поддршка за жртвите,
- промени во законите и начините за справување,
- здравствени услуги и обука за давателите,
- едукативни програми и кампањи за менување на ставовите и однесувањето.

Се изготвуваат иницијативи за советување, терапија и групи на поддршка за да се намали траумата од сексуалното насилство и да се забрза заздравувањето. Овие видови услуги се покажуваат како полезни по претрпениот напад.

### Правни и други начини за справување

Напорите за реформирање на правната регулатива вклучуваат:
- проширување на дефиницијата за силување, така што во неа да се вклучи и силувањето во брак и други форми на сексуално насилство,
- реформирање на правилата за изрекување казна и за прифатливост на доказите,
- отстранување на барањата исказите на жртвите да бидат поткрепени.

Општо, правните одговори се движат кон поттикнување на луѓето да пријавуваат инциденти на сексуално насилство во полиција и кон подобрување на брзината и чувствителноста на процесуирањето на предметите од страна на судовите. Беа предложени и правни и економски реформи за борба против трговијата со секс.

### Здравствени услуги и обука

Здравствениот сектор има особено важна улога во својот одговор за жртвите на сексуалното насилство преку:
- прибирање медицински и правни докази,
- обучување на давателите на здравствени услуги,
- нудење друг вид услуги.

Медицинско-правната документација за сексуален напад може значително да ги зголеми изгледите за притворање на извршителот, негово обвинување и осудување.
За жал, медицинско-правните услуги во многу земји не се нудат рутински.

Од суштинска важност е и обуката за здравствените работници. Таквата обука треба ним да им даде поголемо знаење и свест за сексуалното насилство и подобро да ги оспособи за ефективно откривање и справување со случаите на злоупотреба.

### Едукативни програми и кампањи

Други пристапи за борба против сексуалното насилство се концентрираат на едукација и подигање на свеста, каде што влегуваат и едукативни програми во училиштата и другите средини кои ги третираат родовите односи, сексуалната принуда и вештините за градење здрави односи.

Се користат и медиумски кампањи и активности на заедницата преку машки и женски групи за да се променат деструктивните модели на однесување, како и јавните ставови кон сексуалното насилство.